MQS

Бр. 09-1021/2

16-11-2020 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на петтата седница одржана на ден 15 март 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основа за нејзино надлежно постапување во предметот со број 09-1021/1 од 05.03.2019 година, бидејќи во истиот нема сомневање за постоење на судир на интереси за да поведе постапка и да утврди судир на интереси.

Предметот со број 09-1021/1 од 05.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-1021/1 од 05.03.2019 година е оформен врз основа на доставена претставка по електронска пошта во која е пријавено дека директор на основно училиште, ја унапредил својата сопруга која е вработена во истото наведено училиште, од наставник за одделенска настава на работно место библиотекар.

На седницата, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира дека во истата нема доволно податоци и елементи за покренување на постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од истиот закон.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок на ДКСК
Изработил: Кате Здравкоска, советник
Одобрил: Катица Николовска, член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk